**МАКЕДОНСКИ РЕВИЗОРСКИ ЦЕНТАР ДОО СКОПЈЕ**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ**

**ДО**
**КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

На Ваше барање, извршивме ревизија на финансиските извештаи за годината која завршува на 31. Декември 2004 година на Комисијата за хартии од вредност (во понатамошниот текст "Комисијата"). Под финансиски извештаи се подразбираат: билансот на состојба, билансот на успех, извештајот за паричните текови, извештајот за промени на капиталот и резервите и образложенијата кон финансиските извештаи.

Финансиските извештаи, заедно со образложенијата кон финансиските извештаи се одговорност на менаџментот на Комисијата. Одговорност на ревизијата е да даде мислење за истите.

Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните Стандарди на Ревизија. Овие стандарди бараат да ја планираме и подготвиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од погрешни материјални прикази. Ревизијата вклучува испитувања врз база на тестирање докази со кои ќе се поткрепат износите и прикажат во финансиските извештаи. Ревизијата исто така опфаќа проценување на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од страна на менаџментот како и давање на општа оценка на презентацијата на финансиските извештаи. Веруваме дека нашата ревизија ни обезбедува разумна основа за искажаното мислење.

Според наше мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Комисијата за хартии од вредност на ден 31. Декември 2004 година, и на резултатите од работењето, паричните текови и промените на капиталот и резервите за годината која завршува на тој ден, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

Скопје, 23 Мај 2005 година

| **Овластен ревизор** | **Директор** |
|---|---|
| Гоце Христов | Антонио Велјанов |

*Друштво за ревизорски, сметководствени, финансиски и консалтинг услуги*
*Македонски Ревизорски Центар ДОО - Скопје*
*Мито Хаџивасилев Јасмин 20, 1000 Скопје, Република Македонија;*
*Тел./Факс: ++389 02 32 14 706; 32 14 707*

| | Образлож. | 2004<br>Ден. 000 | 2003<br>Ден. 000 |
|---|---|---|---|
| Приходи по основ на надоместоци | 4 | 28,450 | 20,096 |
| Останати оперативни приходи | 5 | 392 | 2,490 |
| Трошоци за плати и надомести на плати | 6 | (6,249) | (5,720) |
| Трошоци за интелектуални услуги | 7 | (6,835) | (5,499) |
| Амортизација | | (1,846) | (1,755) |
| Останати оперативни расходи | 8 | (9,463) | (7,678) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | | **4,449** | **1,934** |
| Приходи од финансирање | 9 | 424 | 439 |
| Расходи од финансирање | 10 | (38) | (4) |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **4,835** | **2,369** |
| Данок од добивка | 11 | (25) | (424) |
| **НЕТО ДОБИВКА** | | **4,810** | **1,945** |

На 30 Мај 2005 година, Комисијата за хартии од вредност ги одобрила овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложила на Собранието на Република Македонија заради нивно усвојување.

**Комисија за хартии од вредност**
**Претседател**
**Проф. д-р Весна Пендовска**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | Образлож. | 2004 Ден. 000 | 2003 Ден. 000 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 12 | 5,204 | 7,618 |
| Побарувања за надоместоци | 12 | 1,068 | - |
| Останати тековни побарувања | 14 | 1,101 | 682 |
| Активни временски разграничувања | | - | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **7,373** | **8,300** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 15 | 153 | 117 |
| Аванси за недвижности и опрема | 16 | 6,522 | 122 |
| Недвижности и опрема | 16 | 18,142 | 18,475 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **24,817** | **18,714** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **32,190** | **27,014** |
| **ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 17 | 426 | - |
| Останати тековни обврски | 18 | 1,478 | 341 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,904** | **341** |
| **Капитал** | | | |
| Капитал | | - | - |
| Резерви | | 30,040 | 26,673 |
| Ревалоризациони резерви | | 246 | - |
| Акумулирана добивка(загуба) | | - | - |
| **Вкупно капитал** | | **30,286** | **26,673** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | | **32,190** | **27,014** |

| | Образ. | 2004<br>Ден. 000 | 2003<br>Ден. 000 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| Парични примања од надоместоци | 4 | 27,382 | 20,096 |
| Парични примања од останати оперативни активности | 5 | 392 | 2,281 |
| Исплати за плати и надомести на плати | 6 | (6,249) | (5,720) |
| Исплати за интелектуални услуги | 7 | (6,835) | (5,499) |
| Исплати за останати оперативни расходи | | (9,065) | (7,674) |
| Платен данок од добивка | | (453) | (493) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **5,172** | **2,991** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | |
| Набавка на опрема и останати средства | 16 | (1,107) | (497) |
| Набавка на нематеријални средства | 15 | (84) | (117) |
| Дадени аванси за набавка на недвижности и опрема | 16 | (6,522) | (122) |
| Дадени депозити во банки | 12 | (4,000) | (4,500) |
| Повлечени депозити од банки | 12 | 6,550 | 1,800 |
| Примени камати | | 419 | 439 |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | | **(4,744)** | **(2,997)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Исплатен дел од добивката во корист на Буџетот на РМ | 18 | (292) | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | | **(292)** | **-** |
| **Нето зголемување (намалување) на паричните средства и еквиваленти на парични средства** | | **136** | **(6)** |
| **Парични средства и еквиваленти на парични средства на почетокот на годината** | **12** | **122** | **128** |
| **Парични средства и еквиваленти на парични средства на крајот на годината** | **12** | **258** | **122** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ

**Во (000) денари**

| | Резервен фонд | Ревалоризационa резерва | Акумулирана добивка | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 Јануари 2003** | **24,424** | **-** | **588** | **25,012** |
| Добивка за финансиската година | - | - | 1,945 | **1,945** |
| Дел од добивката за 2003 година во висина од 15% наменета за Буџетот | - | - | (292) | **(292)** |
| Распределба на добивка од претходните години во корист на резервен фонд | 588 | - | (588) | **-** |
| Распределба на добивка од тековната година во корист на резервен фонд | 1,653 | - | (1,653) | **-** |
| Ревалоризациона резерва за тековната година | - | 8 | - | **8** |
| Рапределба на ревалоризационата резерва во корист на резервниот фонд | 8 | (8) | - | **-** |
| **Состојба на 31 Декември 2003** | **26,673** | **-** | **-** | **26,673** |
| Добивка за финансиската година | - | - | 4,810 | **4,810** |
| Дел од добивката за 2004 година во висина од 30% наменета за Буџетот | - | - | (1,443) | **(1,443)** |
| Распределба на добивка од тековната година во корист на резервен фонд | 3,367 | - | (3,367) | **-** |
| Ревалоризациона резерва за тековната година | - | 246 | - | **246** |
| **Состојба на 31 Декември 2004** | **30,040** | **246** | **-** | **30,286** |